**Фонд за техничка документација**
**Втор повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти**

**Прашања и одговори бр.1**:

1. **Нашата општина има потреба од Основен проект за реконструкција на Дом на културата. Според пропозициите каде проектите треба да се фокусирани на намалување на загадувањето на воздухот. Дали може проектот да се финансира во рамките на овој повик?**

Ваквиот проект може да се финансира преку овој повик само доколку постои јасна поврзаност со целите за намалување на загадувањето на воздухот. Доколку реконструкцијата вклучува подобрување на изолацијата на објектот, промена на системот на греење (од загадувачки кон помалку загадувачки), воведување на обновливи извори на енергија и сл., тогаш истиот може да се квалификува за финансирање. Во спротивно, потребно е да се бараат други извори на финансирање, или да се чека до следниот повик кој би се организирал во рамките на Фондот.

2. **Дали две општини (соседни) заедно како партнери може да поднесат една апликација за проект од заеднички интерес?**

Со овој повик не се предвидува финансирање на партнерски проекти поднесени од повеќе од една општина. Во ваков случај, проектите треба да бидат поднесени од страна на соодветните Центри за развој на планските региони, при што секоја од општините вклучени во барањето за грант ќе може да добие по една Проектна програма.

3. **Дали може центарот за планскиот регион да аплицира при што како краен корисник би се јавила само една општина?**

Центрите за развој на планските региони може да поднесат барање само доколку во барањето се вклучени две или повеќе општини. Во спротивно, заинтересираната општина треба да настапи самостојно.

4. **Дали се прифаќа проект кој што вклучува уредување на улица и речно корито за намалување на сообраќај, гужви и намалување на загадување од сообраќајот.**

Проектот може да се прифати единствено ако се докаже неговиот придонес кон намалувањето на загадувањето на воздухот. Притоа, покрај квалитативната оцена, повисоко ќе се рангираат барањата за грант кои ќе вклучат и квантитативна оцена/пресметки по однос на намалувањето за загадувањето на воздухот од различните извори на загадување.

За ова конкретно прашање, потребно е да се обезбедат повеќе информации, особено околу делот за уредување на речното корито и неговите ефекти врз намалувањето на загадувањето на воздухот.